# И Н Ф О-К О Ч А Н И

МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk
Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## СЕПТЕМВРИ 2024 г.







**Започна учебната 2024/25 година за 3 560 ученици во Кочани**

Започна новата учебна 2024/2025 година за 3.560 ученици во основните и средните училишта во Општина Кочани, од кои 268 првачиња кои за првпат седнуваат во училишните клупи.

На првиот училиштен ден градоначалникот Љупчо Папазов ги посети училиштата кои организираа свечен прием за првооделенците и им посака среќен почеток и успешна учебна година.

Оваа учебна година во основно образование настава ќе посетуваат 2.474 ученици од прво до деветто одделение во петте основни училишта во задолжителното образование, како и 143 ученици во основното музичко училиште, кадешто има 22 ученици запишани во прво одделение. Во двете средни општински училишта настава ќе посетуват 1.086 средношколци од кои 285 се запишани во прва година.

Согласно Програмата за поддршка на образованието, Општина Кочани обезбеди пакети училишен прибор за сите првоодделенци и за учениците во основно образование кои се под социјален ризик.



**Почна одбележувањето на 7 Септември – Денот на ослободувањето на Кочани**

По повод 7 Септември, Денот на ослободувањето на Кочани и 8 Септември, Денот на независноста на Македонија, делегација составена од градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и членови на Советот, од Сојузот на Здружението на борците од НОВ, како и партиски делегации



положија свежо цвеќе на Споменикот на слободата и на бистите на Љупчо Сантов и Раде Кратовче во Паркот на Револуцијата.

По тој повод, градоначалникот на Општина Кочани упати честитка кон граѓаните во која се вели: „Почитувани сограѓани, 7 и 8 Септември – ослободувањето на Кочани и независноста на државата – се два големи датума за историјата на Кочани и на Македонија. Денес се навршуваат 80 години од ослободувањето на градот Кочани, ден за да се заблагодариме на луѓето заслужни за денешната слобода која ја уживаме и да се потсетиме на нашата обврска да ги чуваме и градиме општината и државата, да создаваме услови за квалитетен живот на идните генерации.
Нека ни се честити празниците, 7 Септември, Денот на ослободувањето на Кочани и 8 Септември, Денот на независна Македонија!“, стои во честитката од Папазов.







**По повод 80 години слободно Кочани – доделени највисоките општински награди**

По повод 7 Септември – Денот на ослободувањето на Кочани, во Мултикултурниот центар се одржа Свечена седница на Советот на Општина Кочани, на која градоначалникот Љупчо Папазов во своето обраќање ги истакна постигнувањата на Општината во изминатиот период, а беа доделени и највисоките општински награди.

Наградата за животно дело, според одлуката на Одборот за доделување награди на Општина Кочани му се додели на Јордан Георгиев, чии достигнувања и реализирани проекти за афирмација на спортот се големи.

Наградата на Општина Кочани за значајни остварувања за развојот на Општина Кочани ја доби Литературниот клуб „Копнеж“ при ЈОУ Библиотека „Искра“, којшто оваа година одбележува 60 години од неговото активно и културно дејствување и претставува еден од столбовите на културното работење, негување и афирмирање на Кочани.

Програмата на свечена седница беше збогатена и со музички точки на ученици и наставници од ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани.

**Одржана традиционалната Ликовна колонија „Св. Пантелејмон“**

За време на продолжениот празничен викенд, на Пониква





се одржа 10. Ликовна колонија „Св. Пантелејмон“. Градоначаникот Љупчо Папазов ги посети учениците што сликаа по два мотива од кои еден од поднебјето на Кочани, еден по слободен избор.

Ликовната колонија се одвиваше под менторство на Александра Димитрова, академски сликар од Кочани.
Изложба на делата од Ликовната колонија е во рамките на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“, на 28 септрември во Градскиот Парк со почеток во 10:30 часот.

Ликовната колонија „Св. Пантелејмон“ е реализирана со средства од Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година.





**Училишни пакети со прибор за сите првоодделенци во кочанските основни училишта**

Во рамки на Програмата за поддршка на образованието за 2024 година, Општина Кочани обезбеди 268 училишни пакети со прибор за сите првооделенци во основните кочански училишта.

Општина Кочани обезбеди и 225 пакети со училиштен прибор и ранец за ученици I до IX одделение, кои се под социјален ризик, согласно доставените списоци од училиштата до Општината.

Градоначалникот посети дел од учениците во ООУ „Никола Карев“ и ООУ „Малина Попиванова“.





**Во тек се геомеханички истражувања за изградба на мост на Кочанска Река што ќе ги спојува улиците „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“**

Започнаа геомеханичките испитувања на теренот каде што е планирана изградба на мост на Кочанска Река што ќе ги спојува улиците „Лазар Андонов“ и „Вера Которка“, истражувања коишто ќе ја определат носивоста на почвата во долните слоеви.
Според проектната програма за изработка на проектна документација, мостот треба да биде долг 30-ина метри и да биде на колови на поголема длабочина.
Изградбата на овој мост е со цел да се намали сообраќајот на улиците „Стево Теодосиевски“, „Глигор Апостолов“ и „Никола Карев“, чии профили не ги обезбедуваат потребната пропусна моќ, ниво на услуга, економичност и безбедност во сообраќајот.
Се очекува изградбата на мостот да овозможи олеснување

| | |
|---|---|
| | на сообраќајот по овие улици и негово побрзо и побезбедно одвивање.<br>Изградбата на мостот е почеток на поврзување на овој дел од градот со јужниот булевар, чија градба се планира да започне во 2025 година. |
| <br><br> | **Европска недела на мобилност – дебата за сообраќајните предизвици во Кочани**<br><br>Општина Кочани во соработка со Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата – Кочани организираше дебата по повод Европската недела на мобилност.<br><br>Во присуство на градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, командирот на ПО за БПС – Кочани и претседател на Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата – Кочани Роберт Богатинов, директори на основните и на средните училишта во градот, претставници на автошколите и локалните медиуми се разговараше за управување со паркирањето и безбедноста во сообраќајот и за урбаната мобилност како основа за заштитата на животната средина, здравите навики и мудрото поврзување на превозните решенија, како и за подобро управување со сообраќајот и паркирањето во општина Кочани.<br><br>На средбата, градоначалникот Папазов информираше дека Општина Кочани е една од петте општини за кои Министерство за транспорт дава техничка помош за развој на План за одржлива урбана мобилност.<br><br>Од дебатата произлегоа заклучоци за реализација на засилени превентивни мерки со едукација на сите учесниците во сообраќајот; промена на режимот на сообраќај и обезбедување поголем број места за паркирање и воведување наплата на сите постоечки паркиралишта; подобрување на патната инфраструктура, бележење на хоризонталната и промена на вертикалната сигнализација; поголема полициска контрола на експресниот пат Штип – Кочани и надополнување на утврдениот сообраќаен режим. |
|  | **Кочани го одбележа Меѓународниот ден без автомобили**<br><br>По повод Европска недела на мобилност и Меѓународниот ден без автомобили, во Градскиот парк во Кочани се одржа едукативен настан со ученици од кочанските основни училишта.<br><br>Ученици од одделенска и предметна настава настапија на велополигон и ги подобруваа велосипедските вештини и |

| | |
|---|---|
|  | знаења, а дел твореа со лего-коцки на тема: Како сакам да изгледа мојот град. Учесниците имаа можност да се запознаат со велосипедските делови преку различни видови едукативни игри. Преку симулација на пешачки премин, учење рачни сигнали, сообраќајни знаци, користење на заштитна опрема, учество во бавна трка, стекнаа нови знаења за безбедноста при возење велосипед.<br><br>Настанот е дел од проектот: „Зад урбаното“, финансиран од ЕУ-програмата URBACT, во соработка со Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и ОСБСП – Кочани. |
| <br><br> | **Велосипедско дефиле „По патеката на оризот“**<br><br>Во рамките на одбележувањето на Европската недела на мобилност и Меѓународниот ден без автомобили се одржа и велосипедската тура „По патеката на оризот“, на која годинава беа промовирани четири нови електрични велосипеди наменети за општинската администрација, што претставува пилот-проект од проектот „Зад урбаното“, финансиран од ЕУ-програмата URBACT.<br><br>Традиционално, учесниците на овој настан возат на релацијата Кочани – Грдовци – Мојанци – Кочани. |
|  | **Јавен повик до граѓаните за учество во креирање на Буџетот на Општина Кочани за 2025 година**<br><br>Општина Кочани го започнува процесот на креирањето на Буџетот за 2025 година.<br><br>Со цел јавноста да се вклучи во овој процес, односно да се имаат предвид потребите на граѓаните, Општина Кочани упатува јавен повик до институциите, здруженија на граѓани и поединци за доставување предлози од поширок интерес на заедницата и конструктивни идеи за активности.<br><br>Предлозите може да бидат од сите сфери на надлежност на локалната самоуправа: комунални дејности, урбанистичко планирање, заштита на животна средина, локален економски развој, образование, култура, социјална заштита, здравствена заштита, спорт и млади, поддршка на граѓанскиот сектор, меѓународна соработка и други надлежности што се извршуваат согласно стандардите и постапките утврдени со закон. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td>Потребните податоци, предлог-проектите и активностите со финансиската конструкција, треба да се достават на посебна пријава од Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани или од веб-страницата на Општина Кочани: www info@kocani.gov.mk.<br><br>Поднесоците во електронска форма можат да се достават на е-адресата: info@kocani.gov.mk (со назнака: за јавен повик за предлог-проекти за развојни програми од делот на инфраструктурата, комунални работи, урбанистичко планирање и сл.), или преку Едношалтерската канцеларија на Општина Кочани, најдоцна до 18 октомври 2024 година, додека предлозите од областа на спортот, културата, социјалната заштита и сл. најдоцна до 20 ноември 2024 година.</td>
</tr>
<tr>
<td><br></td>
<td>Олимписки ден во Кочани<br><br>Општина Кочани и ОУ „Свети Кирил и Методиј“ беа домаќини на манифестацијата Олимписки ден што се организира традиционално со цел да се шири олимпизмот меѓу младите генерации.<br><br>Делегацијата од Македонскиот олимписки комитет предводена од претседателот Даниел Димевски беше примена од градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, а во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ беа доделени награди за најуспешните ликовни и литературни творби изработени со олимписки мотиви.<br><br>Во преполната Спортска сала „Сашо Лазарев-Чапо“ беа организирани мали олимписки игри, кои наидоа на одличен прием кај публиката.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>В петок започнува 33. манифестација „Денови на кочанскиот ориз“<br><br>Триесет и третото издание на меѓународната манифестација „Денови на кочанскиот ориз – 2024“ ќе се одржи од 27 до 29 септември во Кочани и во Оризари. Прославата во чест на кочанското бело злато ќе собере делегации и фолклорни ансамбли од Унгарија, Црна Гора, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, а ќе биде награден најуспешниот оризопроизводител и ќе се избира жетварска убавица.<br>Ова беше соопштено на прес-конференцијата што ја одржаа градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и претставничките од Организацискиот одбор на манифестацијата Аника Илијевска Ѓорѓиева и Ивана Карова Коцева.<br>В петок, на 27 септември во Градскиот парк во Кочани ќе се одржи Изборот на жетварска убавица, концертот на Каролина Гочева и доцна во вечерните часови – забава со диџеј.</td>
</tr>
</table>




На 28 септември е Ликовната изложба „Св. Пантелејмон“, дефилето на здруженија и институции, како и меѓународниот фолклорен концерт на кој ќе настапат гостинските ансамбли.
Обичаите зажнејување и вршидба годинава се во Оризари, каде Здружението на пензионери – Кочани од Оризари со песни, благослови и здравица ќе го означи почетокот на оризовата жетва. Прогласувањето на најуспешниот оризопроизводител ќе биде проследено со богата културно-уметничка програма кај црквата „Свети Атанасиј“ во Оризари. Ќе настапат групата „Мелем“, оркестарот на традициски инструменти при ОМУ „Ристо Јуруков“, ФА „Љупчо Сантов“ и Дамјан Стојаноски. Настанот ќе биде проследен со презентација и дегустација на традиционални јадења од ориз, изложбени и продажни штандови. АРМ ќе готви сутлијаш и селско месо, гостите од Црна Гора ќе подготват рибина чорба, а домаќинките од Оризари – мекици.
Општина Кочани упати благодарност до триесетина општествено-одговорни компании коишто годинава го помогнаа одржувањето на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“.

# ДЕНОВИ НА КОЧАНСКИОТ ОРИЗ 2024 г.





**Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов организираше свечен прием за гостинските делегации и ансамбли**

На Споменикот на слободата во Кочани, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов приреди прием за делегациите, гости на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“.

Триесет и третото издание на манифестацијата ќе го следат делегации од општините Никшиќ, Република Црна Гора; Перник, Република Бугарија; Нови Кнежевац, Република Србија; Сигентсетмиклош, Република Унгарија и Грачаница од Босна и Херцеговина.

Во програмските содржини на манифестацијата ќе учествуваат и КУД „Медвеѓа“ од Медвеѓа, Трстеник, Србија; ФА „Бијела“ од Бијела, Херцег Нови, Црна Гора, Ансамблот за народни пресни и танци „Граовска младост“ од Перник, Бугарија и ФА „Напраформгок“ од Сигетсентмиклош, Унгарија.
На приемот присуствуваа членови на Советот на Општина Кочани и претставници на институции и здруженија.

**Започнаа 33. „Денови на кочанскиот ориз“ – Марија Стаменкова избрана за жетварска убавица**





Марија Стаменкова е овогодишната жетварска убавица – таа ги освои гласовите на жирито на изборот што пред многубројната публика, се одржа во Паркот на револуцијата во Кочани.

Прва придружничка на жетварската убавица е Мартина Костадинова, а втора – Ивона Ефтимова. Девојките ќе учествуваат во претставувањето на обичајот зажнејување на ориз, на 29 септември, на нива во Оризари.

Отворањето на 33. издание на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ продолжи со настапот на Ненад Вржалски, а публиката уживаше на концертот на македонската поп-дива Каролина Гочева и во настапот на диџеј Ацко.





**Празнично дефиле низ центарот на Кочани**

Во центарот на Кочани, на потегот од Градскиот плоштад до Паркот на Револуцијата се одржа Празнично дефиле на ансамбли, институции и здруженија од Кочани.

Целта е пред граѓаните на Кочани да се претстават членовите и видовите активности што се реализираат во нашиот град. На дефилето учествуваат и фолклорните состави, гости на овогодишната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“.

Учесниците во дефилето со свои настапи учествуваат во културно-забавната програма на Летната сцена на Центарот за култура „Бели мугри“, а дел од нив со свои штандови се претставуваат пред јавноста во Паркот на револуцијата.



**Изложба на делата од Ликовната колонија „Св. Пантелејмон“**

Во рамките на активностите од 33. „Денови на кочанскиот ориз“ беше отворена изложбата на дела изработени на Ликовната колонија „Св. Пантелејмон“ 2024.

Ликовните дела беа насликани во септември, на Пониква, од млади сликари, под менторство на академскиот сликар Александра Димитрова.

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов ги поздрави младите уметници, им честита за нивните прекрасни дела и им додели благодарници.

Ликовната колонија „Св. Пантелејмон“ е поддржана од Програмата за култура на Општина Кочани за 2024 година.

| | |
|---|---|
|  | **Шоу за најмладите со Дарко Ѓурчиновски**<br><br>Во рамките на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ годинава во Градскиот парк во Кочани се одржа шоу за деца со Дарко Ѓурчиновски.<br><br>Најмладата публика имаше можност да ужива во акробации, игри и музика. |
| <br> | **Меѓународниот фолклорен концерт – сплет на повеќе традиции и култури**<br><br>На фолклорниот концерт што се одржа на Летната сцена на Центарот за култура „Бели мугри“, во чест на оризот – кочанското бело злато, настапија пет фолклорни состави, гости на годинашнава манифестација „Денови на кочанскиот ориз“: КУД „Медвеѓа“ од Медвеѓа, Трстеник, Србија; ФА „Напраforгок“ од Сигетсентмиклош, Унгарија; ФА „Бијела“ од Бијела, Херцег Нови, Црна Гора; Ансамблот за народни песни и танци „Граовска младост“ од Перник и Танцовиот состав „Пиринска пола“ од Добриниште, Бугарија.<br><br>Фолклорот и кочанскиот ориз и оваа година успеаја да зближат и поврзат различни култури и традиции. Меѓународниот фолклорен концерт го отвори Фолклорниот ансамбл „Љупчо Сантов“ од Оризари, соработник и поддржувач на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“, ансамбл кој педесетина години го негува изворниот фолклор од Осоговијата.<br><br>Во саботата, на Летната сцена настапија и кочанските фолклорни состави: КУД „Руен“, „Мугри“, Фолклорниот ансамбл и Пејачката група при Здружението на пензионери – Кочани, „Осоговски извор“ – Оризари, како и „Ѓердан“ од Штип. |
|  | **Високи делегации на прием кај градоначалникот Љупчо Папазов**<br><br>Заменик-амбасадорот и првиот секретар во Амбасадата на Австрија Матиас Хуменбергер; регионален советник за водите и животната средина Кармен Тонисен и референтот за национална програма во Амбасадата на Швајцарија Станислава Додева, амбасадорката на Република Хрватска Нивес Тигањ, амбасадорот на Јапонија Оцука Казуја и заменик-амбасадорот на Јапонија Шимазаки Терујо, првиот секретар на Амбасада на Народна Република Кина Јан Суј беа дел од гостите на приемот што градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го организираше во рамките на манифестацијата |



„Денови на кочанскиот ориз“.

На приемот присуствуваа и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Цветан Трипуновски, директор на Институтот за земјоделство – Виктор Ѓамовски, директорот на државниот инспекторат за земјоделство Васе Анакиев, како и заменик-градоначалникот на Крањ Јанез Черне.

Високите гости ги следеа традиционалните обичаи зажнејување и вршидба на ориз коишто се одржаа на нива во Оризари.









**Обичаите зажнејување и вршидба прикажани во Оризари**

На нива во атарот на Оризари, во присуство на гости од земјава и странство, дипломатски и високи државни претставници, членови на домашни и гостински фолклорни друштва, беше прикажан обичајот зажнејување на ориз.

Со срп, жетварски песни, благослови за добар род и здравје, во традиционалната жетва учествуваа членовите на Здружението на пензионери од Кочани, заедно со жетварските убавици Марија Стаменкова, Мартина Костадинова и Ивона Ефтимова.

Обичајот вршидба на ориз на традиционален начин беше прикажан на гумно во Оризари, каде што продолжи културно-забавната програма во чест на кочанскиот ориз и дегустацијата на приготвената храна од ориз од страна на домаќинките од Оризари, припадници на АРМ и на гостите од Херцег Нови, Црна Гора.

Наградата за најуспешен оризопроизводител, годинава ја поделија Сашко Трајчев и Сашо Стојанов.

Покрај настапот на Дамјан Стојаноски имаше настап на фолклорни групи и оркестри.

Културно-забавната програма се одржа непосредно до црквата „Св. Атанасиј“ во Оризари, чија убавина доминираше на локацијата украсена со етноелементи, како дел од културното наследство на овој крај.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ







**Советот на Општина Кочани ја одржа 52. седница**

На 30 септември 2024 година, Советот на Општина Кочани ја одржа 52. седница на која беше усвоена Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РС Македонија на подрачјето на општина Кочани за 2024 година. Исто така беше донесена одлука за измена на распоредот на средствата и проширување на средствата на Буџетот на Општина Кочани за 2024 година.

Советот ги усвои извештаите за работењето на општинските средни училишта за учебната 2023/24 година, годишните програми за 2024/25 година и даде согласност за формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Крсте Петков Мисирков“ – Оризари и во ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Кочани за учебната 2024/25 година.

Советот усвои Заклучок во врска со барањето за обезбедување финансиска помош за опремување на учениците од сите основни училишта на територијата на општина Кочани со сет униформи (горен дел), на барање и позитивен став и поддршка од советите на родители на сите основни училишта во општината.

На 52. седница Советот донесе решение за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите на подрачјето на општина Кочани.


**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**